Член 124

Овој Деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Богданци".

**Бр. 07-433/2**
**29.07.2005 год.**
**Богданци**

**Претседател**
**на Советот на општина Богданци**
**Илија Карагошев с.р.**

---

Врз основа на член 6 став 4, член 16 став 3 и член 22 став 2 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр. 61/04 год.) и член 25 став 1 точка 5 од Статутот на општина Богданци ("Службен гласник на општина Богданци" бр. 04/05 год.), Советот на општина Богданци на седницата одржана на 29.07.2005 година, донесе

# ОДЛУКА
## за утврдување на висината на стапките на даноците на имот во општина Богданци

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува висината на стапките на даноците на имот и тоа: данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности.

**Член 2**

Данокот на имот се плаќа на недвижен имот.

Обврзник на данокот на имот е:

-правно и физичко лице - сопственик на имотот;

-правно и физичко лице - корисник на имотот, во случаи кога сопственикот не е познат или не е достапен;

-плодоуживателот на имотот согласно законот;

-секој од сопствениците на еден имот сразмерно на сопственичкиот дел;

-правно и физичко лице - корисник на недвижен имот во сопственост на државата и општината.

**Член 3**

Стапката на данокот на имот е пропорционална и изнесува 0,10%.

Стапката на данокот на имот за земјоделско земјиште кое не се користи за земјоделско производство може да се зголеми за три пати во однос на стапката од став 1 на овој член.

**Член 4**

Обврзникот на данокот на имот за станбена зграда или стан, во кој живее со членовите на семејството има право на намалување на пресметаниот данок во висина од 50%.

**Член 5**

Данокот на наследство и подарок се плаќа на недвижен имот и право на плодоуживање и користење на недвижен имот кои наследниците, односно примателите на подароци ги наследуваат, односно примаат врз основа на Законот за наследување, односно договорот за подарок.

Данокот на наследство и подарок се плаќа и на готови пари, парични побарувања, хартии од вредност и друг подвижен имот согласно законот.

**Член 6**

Обврзник на данокот на наследство и подарок е физичко и правно лице – резидент на општина Богданци кое наследува имот од членот 5 на оваа одлука, како и физичко и правно лице кое прима имот на подарок во земјата и во странство.

Обврзник на данокот на наследство и подарок е и странско физичко и правно лице – нерезидент за недвижниот и подвижниот имот што го наследува, односно прима на подарок на територијата на општина Богданци.

**Член 7**

Стапките на данокот на наследство и подарок се пропорционални и различни во зависност од наследениот ред.

Данокот на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред се пресметува по стапка од 3% , а за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот, данокот се пресметува по стапка од 5%.

**Член 8**

Данокот на промет на недвижности се плаќа на остварениот промет на недвижности.

**Член 9**

Обврзник на данокот на промет на недвижности е правно и физичко лице – продавач на недвижноста.

По исклучок од ставот 1 на овој член, обврзник на данокот на промет на недвижности може да биде и правно и физичко лице - купувач на недвижноста, ако

така е предвидено во договорот за купопродажбата, како и учесник, сопственик, примател и слично, согласно законот.

**Член 10**

Стапката на данок на промет на недвижности е пропорционална и изнесува 3%.

**Член 11**

При утврдувањето и наплатата на даноците на имот од членот 1 на оваа одлука, непосредно ќе се применуваат одредбите од Законот за даноците на имот.

**Член 12**

Обврзниците на данокот на имот на кои им е издадено решение за плаќање на данокот од ~~Управата за јавни приходи~~ општина Богданци, плаќањето ќе го извршат според добиените решенија ~~за 2005 година.~~ за тековната година.

**Член 13**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Богданци".

**Бр. 07-433/3**
**29.07.2005 год.**
**Богданци**

**Претседател**
**на Советот на општина Богданци**
**Илија Карагошев с.р.**

---

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на РМ" бр. 61/04 год.) и член 25 став 1 точка 5 од Статутот на општина Богданци ("Службен гласник на општина Богданци" бр. 4/05 год.), Советот на општина Богданци на седницата одржана на 29.07.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на висината на комуналните такси во општина Богданци

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува висината на комуналните такси што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес, од локално значење од страна на правните и физичките лица кои вршат дејност и од граѓаните.